| Резултати за одобрени средства преку јавниот повик за финансиска поддршка за индустријата за организација на настани на теми со кои се одбележува 30 години независност на Северна Македонија | | |
|---|---|---|
| **Правно лице** | **Опис на проектот** | **Одобрени средства во денари** |
| ПАСВОРД ПРОДАКШН ДОО - Скопје | **Кокино: Тврдина на Сонцето**<br>Тридневен фестивал со над 30 комбинирани настани поврзани со значењето на македонското културно наследство. Комбинација на музички концерти, едукативни работилници, видео перформанс, предавања, туристички прошетки, дебати, изложби, театарски претстави.<br>Локација на фестивалот - Кокино. | 3505500 |
| Баги Комуникации ДООЕЛ Скопје | **Музиката зборува на сите јазици** - 4 музички концерти, со 65 изведувачи ќе го отсликуваат мултикултурниот карактер на општеството, мозаикот на различности и интеркултурниот дијалог; Културно-историски локалитети и други аспекти од културното наследство на Северна Македонија прикажани преку Влатко Стефановски и Емин Џијан заедно со Национална филхармонија изведуван на Скопско Кале. Синтезис изведуван на Стоби. Весна Гинова изведуван на Света Софија - Охрид. Тони Китановски изведуван на Куршумли Ан. Секој од концертите одбележан со изведба на стихови од Блаже Конески со што македонската култура и | 3382500 |

| | | |
|---|---|---|
| | традиција претставени преку идентитетските специфики на македонскиот народ и преку промоција на македонскиот јазик; | |
| ИНОВАТИВА ГРУП ДОО Скопје | **Преспаленд 2021** - повеќе комбинирани настани низ Преспанскиот регион, посветени на различни историски и културно значајни периоди како што се Преспански договор, Првото училиште на македонски јазик во Љубојно, природното наследство - Галичица, Етно село и мултикултурниот карактер на регионот, АСНОМ - споменик во Отешево, Советувањето на ТМОРО, Ослободување на Преспа од фашизмот итн. Настаните се комбинација од музички концерти, работилници, планинарски тури, изработка на мурал, поетски читања, отворено кино и сл. | 3075000 |
| ЕЕММ ГРУП ДООЕЛ Скопје | **30 години независна држава – 30 години независна музичка сцена** - дејноста и делата на истакнати домашни дејци и автори во сферата на творештвото, културата, уметноста, литературата, музиката, образованието, науката, спортот и други истакнати личности кои имаат директен придонес во развојот на државноста или придонеле во создавањето или зачувувањето на културното наследство ќе бидат прикажани низ 3 дневен фестивал – во 3 дена се обработуваат по една декада на независна музичка сцена во независна | 3382500 |

| | | |
|---|---|---|
| | држава – над 50 изведувачи отпочнуваат настап со македонска песна значајна за декадата која се обработува на коректниот ден со поврзување на културно музичко наследство и современи звуци. Пропратен настан е три изданија на ТВ емисии со обработка на секоја музичка декада | |
| Друштво за трговија и услуги Боттега Евнти ДОО Скопје | **Експо 30 -** настан кој ја отсликува модата низ три декади, преку создавање на модни креации и нивно изложување во ревија. Пропратен настан со над 10 музчки изведувачи и изложувачи на македонски брендови.<br>Локација на настанот е на Музеј на современа уметност. | 3382500 |
| Друштво сценско-културни дејности КЛС ДООЕЛ | **Мултимедијален блесок - мултимедијален фестивал -** 4 дневна дигитална изложба на Дејноста и делата на истакнати домашни дејци и автори во сферата на творештвото, културата, уметноста, литературата, музиката, образованието, науката, спортот и други истакнати личности кои имаат директен придонес во развојот на државноста или придонеле во создавањето или зачувувањето на културното наследство односно на Петар Мазев и други познати сликари уметници.<br>3Д мапинг на Музеј на Холокаустот на тема македонски културни вредности и мултикултурализам. Кино и музика под | 3382500 |

| | | |
|---|---|---|
| | отворено во Куршумли Ан, комбинација на македонски култни филмови и концерти. | |
| ИНФОМЕДИА СИСТЕМИ Филип ДООЕЛ Б | **Блаже Конески Проста и строга македонска песна, во чест на 100 години од раѓање на великанот** - мултимедијален настан кој ја отсликува дејноста и делата на истакнати домашни дејци и автори во сферата на творештвото, културата, уметноста, литературата, музиката, образованието, науката, спортот и други истакнати личности кои имаат директен придонес во развојот на државноста или придонеле во создавањето или зачувувањето на културното наследство. Со архивско читање на поезија на Блаже Конески и нивен ретро пренос на носач на звук. Промоција на поезија. Неколку настани поетски читања, изведувани во неколку различни града Скопје - Школка Градски Парк, Струга во склоп на Струшки вечери на поезијата Прилеп, Куршумли Ан а изведувани од Дино Имери, Симона Спировска. | 3382500 |
| ДПТУ „Чин 4 Сцена 5“ увоз-извоз Прилеп А | **Цело е кога се има 30** - Дејноста и делата на истакнати домашни дејци и автори во сферата на творештвото, културата, уметноста, литературата, музиката, образованието, науката, спортот и други истакнати личности кои имаат директен придонес во развојот на државноста или придонеле во создавањето или зачувувањето на културното наследство | 2380500 |

| | | |
|---|---|---|
| | преку повеќедневен фестивал од во Прилеп и Крушево со околу 20тина комбинирани настани на театарски претстави, музички концерти и изложби и поетски читања на дејците Блаже Конески, Славко Јаневски, Гане Тодоровски, Богомил Ѓузел, Томе Арсовски и други. | |
| Фрагмент Комуникации ДООЕЛ Скопје Б | **Градиме култура, сликаме култура - мурали за 30 години независност -** изработка на неколку мурали во неколку различни градови посветени на дејноста и делата на истакнати домашни дејци и автори во сферата на творештвото, културата, уметноста, литературата, музиката, образованието, науката, спортот и други истакнати личности кои имаат директен придонес во развојот на државноста или придонеле во создавањето или зачувувањето на културното наследство. Ликовите на Ѓорѓи Колозов, Кочо Рацин, Богомил Ѓузел и други. | 3382500 |
| Продукција Старлајт ДООЕЛ Скопје | **Заеднички темели -** Мултимедијален настан посветен на претставувањето на албанската култура и нејзиниот удел во градењето на македонската држава и зачувување и претставување на културата и традицијата на албанскиот народ во Северна Македонија и промоција на албанскиот јазик; Комбинација од театарски претстави, музички перформанс, презентација на книжевност и поетско читање на албански јазик. | 3382500 |

| | | |
|---|---|---|
| СТАРМЕН ДООЕЛ | **30 години културна убавина -** Мултикултурниот карактер на општеството, мозаикот на различности и интеркултурниот дијалог изразен преку 4 музички концерти кои би се одржале на 4 локалитети кои се природно и културно богатство. Во Битола - Пелистер, во Тетово – Шарена џамија, Скопје – Камен мост и Галичник - во изведба на Каролина, Туна, Ареа, Зијан, Ласт експедишн и Плутос даутс. | 3382500 |
| АРТ ПРОЕКТ ЛАБ ДООЕЛ Скопје | **Оваа зграда зборува -** Мултимедијален перформанс во Национална пошта со пропратен настан - музички концерт, кој ќе ги спои историските и архитектонски значајни локации во Скопје. | 2275500 |
| РЕВЕРСА ДОО | **Градот на светлината -** Македонската култура и традиција претставени преку идентитетските специфики на македонскиот народ и преку промоција на македонскиот јазик; Музички концерт на Влатко Лозановски - Лозано на Канео во изведба на најзначајните македонски песни. | 2275500 |
| ВИЗВОРКС ДООЕЛ СКОПЈЕ | **Македонски евергрини – обележја на македонската безвременост -** Македонската култура и традиција претставени преку идентитетските специфики на македонскиот народ и преку промоција на македонскиот јазик претставени преку музички концерт на Тамара Тодевска со Емин Џијан и | 3198000 |

| | | |
|---|---|---|
| | филхармонија - во изведба на македонски евергрини. | |
| Друштво за промет и сервисни услуги ЦСС ДОО Скопје | **Предизвици НАТО 2030 наспроти 30 години на Република Северна Македонија** - најважните историски случувања поврзани со државноста, независноста и развојот на нашата држава (Илинден, НОБ, АСНОМ, Референдум за независност, Охридски рамковен договор, Договор од Преспа и Членство во НАТО); во комбинација од стручна работилница на високо ниво, со политички и општествени чинители. | 1500500 |
| Певац Лис ДООЕЛ увоз-извоз Скопје А | **Билет за дома** – лајвстрим монодрами во изведба на Марјан Георгиевски, со цел доближување на македонската традиција, културно-историските локалитети и истакнати домашни дејци до младите, на тема културно-историски локалитети и други аспекти од културното наследство на Северна Македонија. | 1168500 |
| ЕДНА ИН маркетинг агенција ДОО Скопје | **Поглед кон иднината -** Изведба на 3Д мапинг на зградата преку аудио-визуелна анимација на слики, специјални ефекти и светлосни илузии на зградата на Владата на тема мозаикот на културни вредности и преплет на мултикултурниот карактер на 3 декади низ различни дизајни кои доловуваат различни историски и културни сегменти пропратени со музички перформанс. | 885000 |

| | | |
|---|---|---|
| ДПТ АЛФА САУНД ДООЕЛ КОЧАНИ | **30 години независност - безброј причини да продолжиме напред** - Мултикултурна приредба во изведба на деца од ранливи семејства пропратена со ликовен перформанс, на неколку локации, со уметници кои ќе творат на темата која се поклопува со името на проектот, а делата ќе бидат подарени, концерт на Кристина Арнаудова и онлајн работилница за креативен дизајн. | 1107000 |
| ДПТУ К ЕНД Д АУДИО ДООЕЛ Скопје А | **Сонце за три светови** - Музички настан со повеќе музички изведувачи на - концерт, изведена на култни македонски евергрини изведени на спомен обележје на АСНОМ - Македониум во Крушево на тема промоција и зачувување на дејноста и делата на истакнати дејци и автори кои имаат директен придонес во развојот на државноста. | 1107000 |
| ДУТ ДВД ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ | **30 години под ова знаме** - Музички настан - концерт на Дарио Панковски, изведена на култни македонски евергрини изведени на спомен обележје на АСНОМ - Македониум во Крушево. | 1107000 |
| АВАРД ПРОМОТИОН ДООЕЛ А | **Македонската народна музика, 30 години бисер на независна Република Северна Македонија** - Македонската култура и традиција претставени преку идентитетските специфики на македонскиот народ и промоција на македонскиот јазик. Концерт со народна музика изведена од Виолета Томовска, | 1107000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Наум Петрески, Зуица Лазова и Синтезис - кој би се одржал во Куршумли Ан. | |
| ДФПУ Револутион ДООЕЛ | **Мултимедијална летна ноќ** – Мултимедијален настап на млади поети и актери кои ќе имаат изведба на делата на Блаже Конески, Петре М. Андреевски и Кочо Рацин кои имаат директен придонес во развојот на државноста, пропратен со видео перформанс и ликовен перформанс. Музички настан со Горан Трајковски како филмски композитор и со гудачки квартет со изведба на песни од Славе Димитров/Нина Спирова/Зафир Хаџиманов. | 1107000 |
| ЦРНА МАЧКА ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје | **Филмска култура** - Мултимедијален настан на различни локации во Скопје, Тетово и Битола кој се состои од селекција и прикажување на култни филмови продуцирани низ 3 декади од независноста, заедно со по еден концерт со филмска музика. Пропратен настан е конференција за развој на национална продукција со посебен акцент на делата на домашни автори во сферата на филмската уметност со цел промоција на македонска култура и мултикултурниот карактер на општеството. | 1107000 |
| Дрим Фектори ДООЕЛ Скопје А | **Уличната уметност, можност за реактуализација и презентација на дејноста и делата на нашите истакнати домашни дејци - Блаже Конески и Стале Попов** - Комбиниран мултимедијален настан, преку изведба на мурали и документарни филмови за Блаже Конески и | 1107000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Стале Попов кои се впишани трајно во широко разбраното државно мултинационално културно наследство. | |
| ФОНОЛУКС ДООЕЛ Скопје | **30 хитови од МакФест за 30 години независност -** Музички настан изведуван од докажани вокални солисти и поп ѕвезди како Ѓоко Танески, Наде Талевска, Ристо Самарџиев и други, на кој ќе бидат изведени најголемите хитови кои претставуваат македонско музичко богатство и се белег на традицијата и културата низ 3 декади независност. | 1107000 |
| МОЈСО ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ | Музички настан во Битола на кој ќе бидат изведени нови 24 песни, комбинирани на повеќе јазици кои го отсликуваат мултикултурниот карактер на Северна Македонија, а во изведба на Сузана Гавазова, Зуица Лазова, Марјан Коцев Група Молика и други. | 1107000 |
| ДВД Рентал ДООЕЛ Скопје | **Три чалгии -** онлајн концерт на Миле Кузманоски, Благоја Грујовски и Круме Спасовски кој ќе биде одржан во старата Скопска чаршија, на кој ќе бидат изведени најпознатите чалгиски песни со цел промоција на чалгаџиската песна која ја одбележува македонската култура и традиција и зачувување на културното наследство. | 615400 |
| Фан Продукција 2004 ДООЕЛ Прилеп | **Прилеп градот** – народен херој за време на НОБ - Документарни филмови за значењето и историјата најголемите обележја на НОБ и | 544054 |

| | | |
|---|---|---|
| | прилепскиот регион и изложба со фотографии од трите локалитети историски обележја:<br>За Меморијалниот музеј Кузман Јосифоски Питу, За Меморијален музеј 11 Октомври и за Паркот на револуцијата, со цел да помогне во промоција на одредени културно-историски наследства на општина Прилеп кои се карактеристични за временскиот период на НОБ. | |
| ДПТУ МАГНА МАТЕР ДОО Куманово Б | **Tomorrowland** - Комбиниран настан - концерт, кој би се одржал на Спомен Коструница Куманово со повеќе музички бендови (ДНО, ПМГ, ДАДО, надополнет со балетски перформанс, изложба и снимање на музички документарен филм со цел промоција на европските и евроатлантските стратешки определби на државата преку културни настани. | 615767 |
| Евент логистикс ДООЕЛ | **30 години независна алтернативна сцена** - Музички настан - концерт на 5 музички бендови пропратен со ретро изложба на стари концертни плакати и продажни билети од музички концерти од осамостојувањето на државата до денес во ретроспектива. | 605000 |
| ТОТО КК дооел Скопје А | **Млади уметници во едукативна мисија и влијание на младата популација -** Мултикултурни настани во форма на работилница и аудио-визуелен настан на моментално највлијателните млади артисти од сите националности во Северна | 615000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија со цел едукација на тема справување со предизвиците кај младите со акцент на мултикултурното општество. | |
| ХДВ Студио Фока ДООЕЛ Скопје | **30 години независност на Северна Македонија со одбележување и промоција на различните белези на државноста и општеството** - Обука од областа на археологијата, етнологијата, културното наследство пропратена со музички настан со цел промоција на различните белези на државноста и општеството и да го потенцира мултикултурниот диверзитет на Северна Македонија. Настанот ќе се спроведува во Охрид. | 609200 |
| Друштво за видео филмска продукција, трговија и маркетинг ГЕНЕРАЛ СТУДИО ДООЕЛ | **Повикот на татковината** - Промоција на музички дела изведувани од Ѓоко Танески, културно-историски локалитет - Амфитеатар Ресен со цел промоција на културното наследство и зачувување на истото. | 608000 |
| | **ВКУПНО** | **61499421** |